РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Приватна високообразовна установа
УНИВЕРЗИТЕТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ
Бр. 15-976/4
20.10. 2020 год.
СКОПЈЕ

# Извештај за реализирање на План за работа на Факултетот за правни науки за 2019/2020

Извештајот е направен врз основа на активностите во рамки на Планот за работа на Факултетот за правни науки што беа реализирани во периодот октомври 2019 – јули 2020.

Во рамки на планот за работа на Факултетот за правни науки во периодот октомври 2019 – јули 2020 беа предвидени неколку клучни цели и тоа:

1.Задржување на постоечко ниво на бројот на студенти на ФПРН

2.Унапредување на научно истражувачка работа на ФПРН

3.Подобрување на квалитетот на студиите на ФПРН

ФПРН во однос на бројот на студенти, во текот на учебната 2019/2020 година го постигна очекуваниот број на студенти, кој се движи во рамките на просекот од изминатите неколку учебни години, како во однос на првиот циклус (редовни и вонредни студенти), така и на вториот циклус. Во тек се уписи и за третиот циклус – докторски студии на ФПРН.

Во однос на наставната програма, факултетот продолжи со трендот за ревизија на програмските содржини и нивно усогласување со актуелните наставно-едукативни трендови и трендови на содржини од интерес за студентите од додипломски и постиплoмски студии.При тоа се потенцираше нивната активност, поттикнување на нивниот критички осврт и начин на размислување кон предметната материја и тоа преку примена на студија на случај, симулации (вежби), дебати со гости предавачи-експерти од пракса.

Практичниот дел од работата на студентите беше поткрпен и со посета на субјекти од приватниот и јавен сектор од различни области со цел  афективно приближување на деловниот концепт до свеста на студентите.

Активното учество и споделување на знаења и искуства од страна на експерти од деловниот свет и транспарентната комуникација со факултетот се смета за солидна основа за задоволителниот интерес на новозапишаните студенти во текот на 2019/20.

За жал, состојбата со пандемијата од КОВИД 19 во значителна мера го наруши реализирањето на поголем дел од проектите и плановите на ФПРН. Сепак, треба да се истакне дека преминот од физичко присуство на хибридна (он лајн) настава, успешно се спроведе на нашиот факултет, при што пролетниот семестар од учебната 19/20 година, речиси целосно и успешно се спроведе.

Согледувајќи ги позитивните резултати од претходните години, факултетот и оваа година ја поддржа симулацијата на судење по неколку предмети од областа на казнена материја, меѓународно приватно право и трудовото право, интерактивна соработката со Академијата за обука на судии и обвинители и Здружението на правници, посети на студентите на судски рочишта во основните судови во Скопје и Апелациониот суд Скопје.

Во рамки на постдипломските студии, се очекува бројката на запишани постдипломци да биде на слично ниво на ланската учебна година. Овие очекувања исто така се должат на понапреднаведените активности, но и на директната комуникација и соработка со релевантни претставници на правосудниот систем на Р. Македонија, кои покажаа солиден интерес за студирање на вториот циклус студии на ФПРН

во претходните две учебни години. Оттука, како императив се наметнува потребата од понатамошно градење и зајакнување на контактите и соработката со оваа група на професионалци, со цел да продолжи нивниот интерес за студирање на ФПРН, како и проширување на таргет групата од бизнис заедницата.

Во рамки на ***унапредување на научно-истражувачката работа на ФРПН*** Во однос на стратегијата и потребата за публикување на стручни студии односно поттикнување на научно-истражувачка работа и обуки на наставници на ФПРН, за одбележување е стндардното ниво на бројот на публикувани авторски и коавторски трудови во релевантни меѓународни, научни и стручни списанија.

Во поглед на ***подобрувањето на квалитетот на студиите*** е забележан евидентен пораст во однос на задоволството на студентите од прв и втор циклус студии при ФПРН. Овие факти произлегуваат од зголемување на практичните знаења на студентите (особено после четвртиот семестар) преку: практични вежби, студија случаи, симулации на судски случаи, развиени програми за организирано изведување пракса во институции од областите на наставните програми, користење на експерти од пракса итн. Воедно, реализирани се активности и во делот на воведување на систем на континуирано апдејтирање на литературата.

Особено значајно е да се истакне и формирањето на правната клиника Американ Колеџ Скопје, основана од страна на нашиот факултет и регистрирана во Министерството за правда на РСМ во месец јули

2020 година. Очекувањата се дека клиниката ќе започне со обавување на својата работа во многу скоро време. Воедно, се обезбеди и донација за клиниката од страна на АЕК за набавка на ИТ опрема во износ од 15.000 евра.

**проф. д-р Марко Андонов**